

Фотографија: Ани Дими

# Милчо МАНЧЕВСКИ

## Лудилото на поетот и организираноста на генералот

ПИШУВА: ТЕОДОРА КРСТЕВСКА

19ти јули, 12 часот и 53 минути. Се наоѓам пред зградата на Вардар Филм - онаму каде првпат се родил македонскиот филм, онаму каде заспа и онаму од каде повторно ќе се издигне од пепелта. Качувајќи се по скалите, не можев, а да не го почувствувам мирисот на старите тапацирани ѕидови кои во себе ја кријат секоја болка, секое разочарување, но и гордоста дека со крв, солзи и пот успеале да направат нешто по кое ќе останат запаметени. Години спакувани во црната лента и приказна која трае 120-тина минути. На првиот кат од левата страна се наоѓаше старата кино сала. Пред мене немо стоеше белото платно, додека зад мене старите кадифени столчиња. Седнав некаде помеѓу и го чекав мојот соговорник кој во секој момент требаше да се појави.
13 часот и 3-4 минути. Во трка со времето, пред вратата се појавува Милчо Манчевски. Да бидам искрена, за човек кој зад себе има номинации за Оскар, холивудски остварувања, а неговиот потпис го носат најдобрите македонски филмови, очекував барем мала доза на надменост и суета. Немате претстава колку не бев во право! Уште во првиот момент ме воодушеви со неговата скромност, приземност и неверојатна харизма. Тогаш се сетив на зборовите на мајка ми: „Луѓето кои се приватно и професионално остварени, кои знаат кои се и што се, никогаш не се однесуваат надмено. Кај нив никогаш нема да препознаеш суета, его или препотентност“. Беше апсолутно во право! Со широка насмевка ја разби целата трема која ја чувствував предизвикана од одговорноста дека треба да ви го претставам, најдобро што можам, човекот кој е културен амбасадор на Македонија. Тој во битка со времето и обврските, а јас со роковите. Имавме сè на сè едвај 60-тина минути за разговор. Знаејќи дека обожува да си игра со времето во своите филмови, решив уште на самиот почеток да го вратам назад во времето. Моментот кога детето кое било вљубено во пишаниот збор, решава својот уметнички порив, наместо на хартија, да го остави замотан во филмската лента. „За мене режијата е екстензија на пишување. Откако паметам за себе сакам да пишувам. Самиот чин на пишување за мене претставува огромна радост, а особено ме радува резултатот. Заедничко кое го имаат пишувањето и филмот е раскажувањето, разликата е начинот на кој се раскажува приказната. Под влијание на професорката во гимназија, Олга Пешевска, ми се отворија видиците за филмот, затоа одлучив да студирам филмска режија. Во принцип уметноста ме интересира како нешто во кое можам да се искажам и осмислам. Откако знам за себе пишувам и цртам, веќе во трето или четврто одделение почнав да создавам нешто кое тогаш го нарекував роман, некои авантури во пустина. Подоцна почнав и да ги објавувам расказите, првпат објавив расказ во 'Политика за деца', за кој добив награда која ме стимулираше да продолжам да пишувам. Во втора година средно напишав расказ на кој му се навратив и го искористив како основа за средната приказна во 'Мајки,' а исто така некое време објавував и хаику поезија,“ вака Милчо ја започна својата приказна, додека јас љубопитно слушав и сакав да дознаам што повеќе. Писателот во мене го постави очекуваното прашање: „Може ли во иднина да очекуваме книга?“ „Најубаво се чувствувам кога пишувам, кога го работам сценариото, тој дел го сакам повеќе од продуцентските работи, од монтажата. Но не знам дали би сакал книгата што би ја напишал да се обзнани,“ одговори тој. Во тој момент се присетив на сите раскази кои ги имам напишано, а потоа искинато. И на чувството кога првиот пат мојата душа беше испечатена во 9.000 примероци за Unique. И додека сè уште игравме со минатото, го прашав која е првата работа која ја има режирано? „Тоа беше адаптација на песната 'Појадок' од Жак Превер, песната беше многу наративна и фактичка, па беше релативно лесно да се адаптира. Резултатот беше наивен. Ова го работев со еден близок другар Сашо Грчев од кој го научив концептот на монтажа“.
Време беше да се вратиме во сегашноста. Некаде прочитав дека Милчо станал режисер токму поради тоа што не сакал некој режисер да му го уништи сценариото. „Секогаш сам ги пишуваш сценаријата за филмовите?“- го прашав. „Засега да, но тоа не е секогаш случај. Во Европа скоро и да не постојат сценарија кои не се веќе врзани со режисерот. Во Америка е поинаку. Таму сценариото се пишува, а потоа го бара својот режисер. Јас кога нешто режирам, сакам да го почувствувам како дел од мене, а тоа ретко се случува доколку е напишано од друг писател,“ одговори тој. Маестралната игра со времето и нелинеарноста на просторот во кохезија со времето е главната карактеристика на филмовите на Манчевски.



Но линијата на реалноста меѓу фикцијата многу лесно може да се изгуби. Сепак, искуството и вроденото чувство за раскажување на квантни приказни, лесно му го покажуваат патот за назад, дури и во моменти кога ќе се изгуби. Играјќи си со илузијата, вистината или фантазијата, умешно го носи гледачот на едно друго ниво. Нешто кое ќе ја разбуричка совеста и ќе допре до најскриените емоции. „Линеарните приказни се здодевни. Сакам да си играм, а без креативна игра нема уметност. Јас не поаѓам од пораки, туку од игра или генерално чувство. Комплексноста е резултат на хармонија, а не на планирање. Никогаш не тргнувам од агенда, туку од емоција или ситуација. Ги обработувам, ги разгледувам од различни аспекти, поставувам прашања, реконструирам ситуации на болка при загуба, ситуација на заљубеност и создавајќи го тој свет го поканувам гледачот да биде учесник и низ емотивното доживување нешто да научи. На крајот ако е добар филмот, гледачот сам ќе си ја најде пораката," вели тој. Освен со времето, Манчевски во своите приказни се занимава и со посебноста на човековата психа. Во 'Сенки', изгубените души бараа од Лазар да го врати тоа што не е негово, а денес јас од Милчо побарав да ми каже колку низ годините се губел и повторно пронаоѓал себеси. „Тоа е централното прашање на човековото постоење - односот на себе кон другите. Цел живот се справуваме со тоа. Некогаш успешно, некогаш не. Но секогаш нешто се учи, потоа лекцијата се пренесува на другите не сакајќи. Тоа е особено важно во уметноста. Јас од другите секогаш се трудам да го примам позитивното, иако истото не е секогаш можно. Има една стара каубојска поговорка која го објаснува ова, а вели: 'Живејќи го својот живот, ти ја умираш својата смрт!' Не дозволувам другите со малограѓански интерес и стандарди да ми наметнуваат како ќе живеам. Гледам никого да не повредам, да помогнам доколку можам, а за останатото да бидам оставен да донесувам слободни одлуки". Бидејќи веќе ја начнавме антрополошката психологија, која воедно буди огромен интерес кај Милчо, не можев, а да не прашам колку ликовите кои ги креира постојат во реалноста? Колку фиктивноста на карактерот се поклопува со оние кои низ годините оставиле белег врз неговиот живот? „Понекогаш се вистински, понекогаш комплетно измислени. Но дури и оние кои ги креирам од вистински ликови, во процесот толку ќе се променат што човек нема да ги препознае. За првото сценарио што го напишав за главниот лик инспирација ми беше еден другар - тапанар во панк бенд. Однесувањето на Александар во 'Пред дождот' е индиректно и далечно базирано на татко ми. Интересно е кога градиш лик базиран на вистинска личност, иако тоа не се случува често". Тука некаде дојдовме и до раѓањето на идејата и самата инспирација. Каде почнува сè? „Идеите обично се некој мал драмски заплет, чуден и куриозитетен. Потоа го развивам и размислувам. Треба време за да видам дали ќе созрее, ако созрее следен чекор е пишување на краток расказ или синопсис. Потоа чекам и тој да созрее, кога ќе проценам дека сум подготвен за сценарио, седнувам и во еден здив го пишувам. Обично за две недели веќе ја имам првата верзија. Додека претходниов процес може да трае година, две или три," одговори тој. „Постои ли приказна која немаш храброст да ја извадиш од фиока?" на мојата љубопитност како да и немаше

крај. „Имам една, но не е прашање на храброст, туку не сум ѝ го нашол вистинскиот агол. Мислам дека таа приказна ќе биде следниот филм. Приказна за мешање на сон и јаве, приказна за човек кој се обидува да го поправи минатото,“ одговори тој. Во тој момент ми прелета една мисла низ глава. Што би променила јас кога би имала шанса? Отчукувањето на часовникот ме врати назад. За минатото и иднината ќе мислам подоцна. Часовникот покажа дека е време за вистината. Отсекогаш вниманието повеќе ми го одвлекувале филмови кои на самиот почеток најавуваат дека се базираат на вистинска приказна. Токму во „Мајки“ се начнува прашањето за вистината. Една поговорка вели: „Вистината е една, но мудрите ја нарекуваат со повеќе имиња,“ го прашав колку вистината е вистинска кога се прикажува на големото платно? „Во моите филмови има 101% вистина. Јас не се бавам со фактичката вистина (тоа е работа на новинари и историчари), иако сите факти во моите филмови се точни и длабоко истражени (за ‘Прашина’ имавме некои 150-160 библиографски единици за историјата на Дивиот запад, кубизмот и Македонија под Отоманска власт). Јас, како и сите уметници, се бавам со авторската вистина, вистината за она што еден човек сака да му го соопшти на друг непознат човек кого го сака. Тоа може да биде вистината за тоа како изгледа човечката болка, или како изгледа голема дилема, или како е да се сака. Тоа се општочовечки вистини кои во моите филмови ги препознаваат гледачи од сите континенти. Лани во Шангај ме однесоа во едно тајно арт кино во нечиј стан каде секоја вечер се собираат по 20-тина гледачи, гледаат арт филмови и потоа дискутираат за нив до доцна во ноќта. На ѕидот имаше плакат од ‘Пред дождот’ - филм снимен пред четврт век,“ одговори тој. Кон вистината природно се надоврза и слободата, а врз слободата на уметниците изминатиов период беше фрлен дебел слој прашина, а креирањето во сенка не е ни малку лесно. „Апсолутна слобода не постои. Уметникот, особено оној кој твори во масовен и скап медиум како филмот, е изложен на огромни притисоци. Секој сака да те командува што и како да снимиш. Не ми претставува проблем да се тепам со политичари, продуценти и финансиери, ако се обидат да го нарушат интегритетот на делото. Моите филмови не се прават по нарачка, јас сам го смислувам и работам она на што стои моето име. Јас сè уште стојам зад сè што сум создал - филмовите, фотографиите, арт перформансите и рекламите. Инаку, мои дела биле забранувани и во стариот југословенски режим и во холивудскиот систем и од македонските власти (кои се обидоа да го сопрат ‘Мајки’ да не излезе од земјата, а и мене ме ставија на црна листа). Да бидам искрен, тоа е мачно, ама и забавно, дополнително ме мотивира - значи сум допрел некого во сржта со тоа што го зборувам, штом толку се возбудил и изискувал да ме забрани“. Да ставиш еден од најголемите режисерски имиња на т.н црна листа треба навистина да си уметнички осакатен. Воопшто, зарем смее кој било уметник од каков било ранг да биде опструиран од некаков политички систем? „Зошто беше на црна листа?“ не можев, а да не го прашам. „Тоа треба да ги прашаш оние кои ме ставија на црната листа. Факт е дека државата не поддржуваше ниту едно ново дело што сакав да го создадам во тие 8 години. Тоа не беше директно одбивање, туку перфидно ставање под килимче. И покрај сите проблеми кои произлегуваат од тоа да се работи во Македонија, јас сакам да работам тука. Имам луѓе со кои соработувам на професионален план, имам и луѓе со кои приватно сум близок и со кои сакам да се дружам. А некои приказни сакаат да бидат раскажани тука,“ одговори Милчо. „Законот за филм во Македонија е криминален. Нестручен е и садистички. Во него претходната власт (државна и власта на филмскиот фонд) директно се пресметуваат со авторите. Законот е рестриктивен и на еден аматерски начин се бави со фактури и администрација, а во него нема апсолутно ништо стимулативно. Тоа е најважно, авторот никаде го нема во тој закон, само продуцентите и Агенцијата за филм. Тоа е и одраз на генералниот став на филмските моќници - авторот не се негува, а се нема ни чувство за вистинскиот миг, за тајмингот. Долго време владееја нестручни и криминални типови со македонскиот филм,“ вели тој.

„
ЈАС НИ МАЛКУ НЕ СЕ ТРУДАМ МОИТЕ ДЕЛА ДА БИДАТ ДОПАДЛИВИ, ИАКО Е ТОА МНОГУ ЛЕСНО ДА СЕ СТОРИ.
„

Посакав да се вратам кон префинетоста на уметноста, во онаа чиста, исконска форма, неизвалкана од политички игри и суета. Додека едните создаваат производ допадлив на широката маса, наместо дело што ќе остане да говори децении подоцна од првата премиера, Милчо Манчевски создава нешто кое се коси со конвенционалното. И токму затоа е посебен. Токму затоа е единствениот македонски режисер кој добил номинација за Оскар. „Уметноста е неприкосновена и никој не може да тргува со создавањето уметност. Кога делото е завршено, вие можете да го продавате или купувате, ама не може да калкулирате при создавањето, да креирате со едното око врз публиката и врз пазарот. На тој начин би направиле компромис кој ја нарушува суштината на креативното творење. Јас ни малку не се трудам моите дела да бидат допадливи, иако е тоа многу лесно да се стори. Често пати знам дека некои одлуки ќе значат помалку публика, ама во исто време ќе значат и подобро уметничко дело и тука нема дилема - делото е најважно. Публиката лесно се поткупува, ама многу е поважно да можеш со гордост да си го погледнеш делото после 20 години. Убаво би било кога во Македонија би постоел повисок, поостар критериум кога се проценува уметничко дело. Мислам дека делата често пати се проценуваат од една малограѓанска перспектива, а тоа е резултат на неукост и мешање на деловни и приватни односи“.
И додека македонската филмографија полека се буди од закоравеноста, во Америка филмот претставува машинерија за правење пари. Но холивудскиот гламур, црвениот тепих и животот на џет-сетот не е така сјаен како што медиумите ни го сервираат. Современиот Фауст без размислување би ја продал душата на ѓаволот за дел од ѕвездениот колач, но Милчо одбира да ја напушти „светата шума“. Неговиот интегритет нема цена. „Некои работи не се за продавање - како што не можеш да продадеш човек, така не можеш да продадеш ни право на креација. Авторство не се купува. Кога сфатив дека во Холивуд

немам начин да го заштитам моето авторство, престанав да соработувам со нив. Нема пари со кои тоа може да се купи. До душа, мене многу пари не ми требаат, немам автомобил, не носам марки, па и нема со што да ме купат. Со парите си купувам само слобода. А и тој гламурозен свет е здодевен и лицемерен, да умреш од здодевност. Зад целата таа помпезност скоро никогаш нема вистинска среќа. Поминав доста време во Холивуд, каде трошев страшно многу туѓи пари, на продукции, на проекти. Но не бев задоволен. Многу сум посреќен кога работам авторски филм, отколку кога работев нешто туѓо иако истото носеше многу пари. Во Холивуд на крај сè се сведува на следново - колку си подготвен да направиш за пари". „Што најмногу ти пречеше во холивудската продукција?" прашав. „Продуцентите се мешаат многу повеќе од што треба, ќе нарачаат и 10 верзии сè додека не го добијат тоа што го сакаат. Не велам дека е погрешно да бараат комерцијално дело, финансиерот со право сака да си ги врати парите, но мислам дека нема морално право да го менува уметничкото дело. Се мешаат и во кастингот. Кога работев за Фокс, го поканив Том Вејтс да игра, тој се согласи, но студиото го одби. Повеќе им одговараше Дејвид Аркет. Некогаш бараат и цел филм да се пресними, во ред е да имаат сугестии, но не и да го имаат последниот збор. Работев и развив неколку холивудски филмови - 'Три крала', 'Перфектно убиство', 'Прегладнет' и 'Семе на злото'".

> „КОГА СФАТИВ ДЕКА ВО ХОЛИВУД НЕМАМ НАЧИН ДА ГО ЗАШТИТАМ МОЕТО АВТОРСТВО, ПРЕСТАНАВ ДА СОРАБОТУВАМ СО НИВ. НЕМА ПАРИ СО КОИ ТОА МОЖЕ ДА СЕ КУПИ"

Покрај режирањето, Милчо своето знаење и искуство несебично им го пренесува на студентите на филмска режија во Њујорк. Го прашав што е тоа што тој го научил од своите професори и што е она што сака да им го пренесе на идните режисери? „Мојот професор од филмската академија во Илиноис, Мајк Ковел, велеше дека првиот кадар го одредува вкусот на филмот. И тој ме запозна со не-наративниот филм, со експерименталниот филм, со американската авангарда. А на сетот на Кшиштоф Зануси научив дека не треба да се вика и дека е доволно едно тивко 'Шшшш'". Ворен Бити ме советуваше сценариото да го пишувам пред да најдам продуцент, да не ја продавам идејата пред да го напишам сценариото. Студентите сакам да ги научам дека дијалогот не е со публиката или критиката, туку со самото дело. Им кажувам дека за добра уметност треба срце и занает. Јас ќе им помогнам да го совладаат занаетот и ќе ги поттикнам да зборуваат од срце, ама од нив сè зависи. Треба да прават филмови за она што вистински ги интересира, без оглед на тоа дали мислат дека тоа ќе ја интересира и публиката. Немој да рециклираш нешто што веќе си го видел во друг филм - освен ако нема да го издигнеш на друго ниво и да му дадеш поголема комплексност или нова емоција. Тоа е најважното - сè друго е прашање на талент и многу, многу, многу упорност и чесна работа".

„Што треба да поседува еден човек за да може себеси да се нарече режисер?" „Талентот е некако недефиниран поим. Мислам дека во една рака треба да има лудило на поет, а во друга рака организираност на генерал. Ако се обединат двете, може да се прават добри филмови, убави филмови. Ако си генерал без поезија, филмот се заборава пред да биде изгледан, а ако го имаш само лудилото на поетот никогаш не можеш да дојдеш во ситуација да го направиш филмот. Потребна е армија за да се отсонува еден сон".

Пред околу два месеци налетав на јавен повик за кастинг на новиот филм на Милчо Манчевски. После 8 години, повторно се враќа на домашен терен. Вооружан со уште поголемо искуство, ги повика актерите жедни за филм на патувањето наречено „Врба". И пред да го прашам како воопшто изгледа еден кастинг, ме копкаше приказната. „'Врба' се состои од 2 ипол љубовни приказни. Една класична љубовна приказна која се случува во 17-ти век, една модерна која се случува денес и една половина која ги обединува овие две и се случува исто така денес. Тргнав од структурата да има 2 ипол приказни, а потоа се развија приказната и емоцијата. Си реков, 'Што ако раскажувам наједноставни приказни?' Во случајов да бидат најдиректни, најпрости, најемотивни. Инспирацијата ја најдов во средновековни пагански обичаи и приказни за самовили," одговори тој. Не сакаше да ми открие кого ќе видиме во „Врба," но ми раскажа како изгледа еден кастинг. И за момент посакав да бидам и јас дел од тој магичен свет. „Претпочитам да правам широк кастинг кај што може да се пријави секој кој ја исполнува старосната граница за улогата која ја бираме, а да биде професионален актер или некој кој има искуство со глума. Доколку кастингот го правам во Њујорк каде има голем број пријавени, првата селекција ја прави кастинг директорот. Во првиот круг сите кандидати добиваат мал монолог од некој класик - најчесто тоа е Шепард, Вилијамс или Шекспир. Кастинг директорот го снима, а јас потоа правам селекција врз основа на тоа кој актер го има занаетот и енергијата која ликот ја бара. Во вториот круг веќе се читаат делови од сценариото. Пресудна ми е енергијата која актерот ја носи и секако актерскиот занает. Славата и изгледот воопшто не ме интересираат. Не работам со актери кои не доаѓаат на кастинг," одговори тој.

Мислам дека можев да му поставам уште бесконечно многу прашања. Но денес времето не беше на моја страна. За крај го прашав каде го наоѓа внатрешниот мир и како се чисти од креативното лудило, а тука на самиот крај се вративме на почетокот. Пишувањето. „Многу читам, сè - весници, романи, филозофија, поезија, историја... Патувам. Се дружам со нови и стари другари и другарки, кафе, пиво... И таа дома во Њујорк и оваа во Скопје се баш онакви какви би сакал да бидат. Не пишувам доволно, би сакал повеќе да пишувам и стално некако го оставам за подоцна и можеби треба да седнам и тоа подоцна да биде сега," заврши тој.

Нашиот разговор го прекина неговата асистентка Ангела, која влезе во празната кино сала да го потсети за состанокот во 14 часот. Милчо повторно успеа да направи времето и просторот да се изгубат во квантноста на постоењето, 60 минутниот разговор изгледаше небаре трае минута. Се крчка „Врба." Тој се врати на тековните обврски, а јас добив неочекуван порив уште еднаш да ја преслушам музиката од „Пред дождот," филмот кој се родил во истата година како и јас.